Универзитетски гласник

Издавач
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје

Уредник
на издавачката дејност на УКИМ
проф. д-р Биљана Ангелова, ректор

Уредник
на Универзитетски гласник
м-р Марија Маневска, генерален секретар

Лектор
Весна Илиевска Цветановска

Техничко уредување
Зоран Кордоски
м-р Елизабета Додевска

ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ
на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје 2

ПРАВИЛНИК
на системот за обезбедување на квалитет на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје 3

Врз основа на член 110, став 1, точка 13 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија “ бр.178/2021), член 62, став 1, точка 13 од Статутот на Факултетот за ветеринарана медицина-Скопје (Универзитетски гласник бр. 460/2019), Наставно-научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 20.09.2023 година, ја донесе следнава

ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (ФВМС) се стреми да биде водечка организација во областа на ветеринарната медицина во Република Северна Македонија.

Таа цел ќе ја реализира преку континуирано одржување и унапредување на едукативниот процес, научно-истражувачката и апликативната работа, како и одржување на статус на референтна лабораторија во различни области, стандардизација и воведување на нови методи зе едукација и за испитувањето, добра клиничка и лабораториска пракса, дисеминација на знаење со постигнатите резултати преку најразлични образовни процеси овозможувајќи иновативност и кооперативност кои се императив во работењето на Факултетот за ветеринарна медицина Скопје при Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје (во натамошниот текст: Факултет), а во согласност со националните и меѓународните стандарди и со почитување на највисоките етички стандарди.

Политиката за квалитет на Факултетот е дефинирана во согласност со мисијата, визијата и Стратегискиот план за развој на Факултетот, стратешките документи на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје и применливото национално законодавство (Законот за високото образование), Стандардите и упатствата за обезбедување на квалитет во областа на Европското Високо Образование (ESG), Правилникот за стандардот и постапката за надворешна евалуација и смаоевалуација на Агенција за квалитет во високото образование во Република Северна Македонија (АКВО), стандардите на Европскиот систем за евалуација на ветеринарната обука (ESEVT) и преку воспоставениот систем за квалитет согласно барањата на стандардот МКС ISO/IEC 17025: 2018.

Факултетот активно ќе го унапредува квалитетот преку:

- унапредување и промоција на квалитет во наставниот процес со посебен акцент на автономијата загарантирана со Закон и Статут, академскиот интегритет, етика и одговорност со обезбедување еднакви можности за сите вработени и студенти и професионален пристап во работењето;
- промовирање и практикување на континуиран мониторинг, унапредување и интегрирање на едукативните, научно-истражувачките и применувачките активности со цел подобрување на квалитетот на наставата, науката и применувачката работа на Факултетот со зајакнување на активната улога во економскиот развој;
- континуирано подобрување и унапредување на методите за едукација со промовирање на употребата на пристап и размислување засновано на ризик и развивање на дигитални компетенции на Факултетот;
- унапредување на методите за тестирање со користење и развој на нови методи и технологии и учество во споредбени тестирања, а со цел да се осигура веродостојноста и точноста на резултатите од тестирањата, проширување на опсегот на акредитација на лабораториите и користење на опрема и материјал со дефиниран квалитет и рационално користење на ресурсите.
- одржување на високо ниво на доверливост спрема добиените

информации и резултатите на клиентите, како и одржување на принципот на непристрасност и независност во работењето.
- подобрување на компетентноста на вработените преку континуирани обуки во институцијата и други реномирани релевантни институции во земјава и странство со промоција на тимска работа, дисеминација на стекнатото знаење и обезбедување на можност за афирмација на секој вработен.
- соработка со сите внатрешни и надворешни чинители на Факултетот: студенти и вработени на Факултетот, академска заедница, економско општество, локална, национална и меѓународна заедница и обезбедување транспарентност и професионалност во сите активности и области на работа на Факултетот;
- постојана комуникација и одржување на партнерски однос со корисниците на услуги што ќе доведе до исполнување на нивните барања во целост, а во согласност со законските регулативи, стандардите и добрата пракса;
- одговорно и транспарентно финансиско работење за развој на Факултетот и обезбедување на подобрувања на работните услови на целиот персонал на Факултетот и студентите;
- примена на процедури за внатрешни и надворешни проценки на системот за обезбедување квалитет во наставата, научно-истражувачката, лабораториската, дијагностичката и клиничката работа преку оржување на определеноста за квалитет на сите нивоа на ФВМС.

Политиката за квалитет на Факултетот е основната рамка за имплементација на системот за квалитет, и е јавно достапен документ за целиот персонал, засегнатите страни и јавноста.

За спроведување на оваа политика одговорни се сите вработени на ФВМС.

Политиката за квалитет на факултетот редовно се ревидира и надополнува во согласност со резултатите од надворешни и внатрешни евалуации и системски потреби и промени.

Д е к а н
Проф. д-р Лазо Пендовски с.р.

Врз основа на член 110, став 1, точка 13 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија “ бр.178/2021), член 62, став 1, точка 13 од Статутот на Факултетот за ветеринарана медицина-Скопје (Универзитетски гласник бр. 460/2019), Наставно-научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 20.09.2023 година, го донесе следниов

ПРАВИЛНИК
на системот за обезбедување на квалитет на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се дефинира целта, намената, областа на евалуација и организацијата на системот за обезбедување на квалитет на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (во понатамошен текст: Факултет).

Член 2

Целта на системот за обезбедување на квалитет е да се изградат механизми за промоција на највисоките постигнувања во обезбедување на квалитет на образовните, научните, апликативните и административните активности на Факултетот.

Член 3

Целта на системот за обезбедување на квалитет е воспоставување на функцио-

нален систем од принципи, критериуми и методи за обезбедување на квалитет во согласност со мисијата, визијата и Стратегискиот план за развој на Факултетот, стратешките документи на УКИМ и важечкото национално законодавство (Законот за високото образование), Стандардите и Упатствата за обезбедување на квалитет во Областа на Европското Високо Образование (ESG), Правилникот за стандардот и постапката за надворешна евалуација и смаоевалуација на Агенција за квалитет во високото образование во Р.С. Македонија (АКВО), стандардите на Европскиот систем за евалуација на ветеринарната обука (ESEVT) и преку воспоставениот систем за квалитет согласно барањата на стандардот МКС ISO/IEC 17025: 2018.

Член 4

Системот за обезбедување на квалитет преставува интегрална целина на донесените нормативни акти на Факултетот.

Член 5

Основните принципи во системот за обезбедување на квалитет се дефинираат преку:

– утврдување на мисијата, визијата и стратегијата на системот за обезбедување на квалитет;
– поставување на мерливи критериуми во рамките на утврдената мисија, визија и дефинираните стратегии;
– дизајнирање на процес и механизми за реализација на мисијата, визијата и стратегијата односно имплементација на целите;
– евалуација и анализа на постигнувањата во однос на дефинираните цели;
– спроведување на мерки за корекција и превенција;
– дефинирање на нови цели.

Член 6

Сите учесници (внатрешни и надворешни) во образовниот процес, научно-истражувачката и применувачката работа, како и административните активности на Факултетот имаат удел во создавањето и развојот на системот за обезбедување на квалитет и ги користат резултатите на нивната работа.

Внатрешни учесници се: студентите, наставниците, соработниците, администрацијата, техничкиот и помошниот персонал на Факултетот.

Надворешни учесници се лица кои формално правно и по професионална линија се поврзани со активностите на Факултетот (пр.: лица од други образовни и научни институции, локална самоуправа, службите на Владата на Р.С.Македонија, владини тела и агенции, приватни компании, лаборатории итн.) со кои Факултетот има воспоставена соработка од заеднички интерес.

ОБЛАСТИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТ

Член 7

Областите за обезбедување на квалитет на Факултетот вклучуваат:

1) **<u>Правила и процедури за обезбедување и подобрување на системот за квалитет на Факултетот, и тоа:</u>**

- развивање на системот за обезбедување на квалитет, негова усогласност со системот за обезбедување на квалитет на Факултетско ниво и негово континуирано подобрување;
- создавање на стратешки документи и соодветна организациска структура за мониторинг и подобрување на квалитетот во едукацијата, науката, применувалката дејност и административната работа;
- примена на системот за обезбедување на квалитет на Факултетот;
- соработка со други образовни, научни и други сродни институции со цел за постигнување на квалитет во образовните, научните и применувачкте активности.

2) **Одобрување, мониторинг и периодична проверка на програмите за студирање преку:**
- утврдување на статус на студиските програми со периодична проверка на студиските програми;
- поседување на соодветна опрема, реагенси, наставни помагала, литература и други ресурси за наставниот процес;
- критериуми и процедури за запишување на студенти;
- оптовареност на студентите со ЕКТС кредити;
- методи на предавање и усогласеност со резултатите од учењето;
- поврзаност на едукацијата со научните истражувања и применувачката работа;
- евалуација на стекнато знаење, вештини, независност и одговорност;
- мониторинг и еваулација на процесот на учење и предавање преку евалуација на студентите;
- компатибилност со променливите потреби на пазарот и препораките од професионалните здруженија;
- компатибилност со слични програми со други ветеринарни Факултети и Универзитети;
- вклученост на студентите во активностите за обезбедување на квалитет.

3) **Проверка на работа на студентите преку:**
- мониторинг и проверка на постигнувањата на резултатите од учењето и целите на студиските програми;
- критериуми, правила и процедури за оценување на студентите;
- евалуација од и до студентите;
- улога на оценката во процесот на стекнување знаење и вештини за одредена квалификација, планирање на условите за испит;
- компатибилност на оценувањето на студентите со релевантните нормативни акти;
- администрација на процедурите за оценување и можност за проверка на регуларноста на процедурите.

4) **Обезбедување на квалитет на наставниците**
- поседување на соодветни вештини и искуство за пренос на квалитетен наставен процес;
- континуирана едукација со цел за подобрување на процесот на предавање и учење;
- оценување и самооценување на наставниците;
- процедури и нормативни акти за вработување и напредување на наставниците во звања кои се спроведуваат од институцијата со цел да се обезбедат соодветни компетенции на наставниците;
- правила за алоцирање на оптовареноста на наставниците;
- соработка со национални и меѓународни научни и професионални орѓанизации;
- вклученост во меѓународни и национални проекти.

5) **Ресурси за образовни, научно-истражувачки и применувачки активности**
- достапност до предавални, вежбални, лаборатории и наставна опрема и помошни средства;
- достапност на опремата до студентите и персоналот;
- достапност на библиотека опремена со соодветна литература;
- правила на студентски сервис;
- правила за постапување со административен и технички кадар;
- воспоставување на мрежа на институции и компании за професионална пракса.

6) **Примена на системот за информации**
- мониторинг на прогресот и успехот на студентите во текот на студиумот;

- информација за степенот на задоволство на студентите од програмата и наставниците;
- информации и известувања поврзани со курикулумот;
- информации за достапност на наставните материјали;
- информации за достапност на библиотеката и соодветна литература;
- евалуација на комуникација помеѓу студенти и наставници;
- информација за компетенциите на наставниците;
- основни индикатори за успехот во спроведувањето на наставната програма.

7) **Отвореност кон јавноста**
- објавување на студиските програми и информации поврзани за студиските програми;
- објавување на информации за програмите за доживотно учење;
- јавност на финалните планови за студиските програми;
- објавување на нормативните акти, прирачници и одлуки и други акти во интерес на висообразовната дејноста на Факултетот;
- јавност на испитите, одбраните на работни тези и завршни документи;
- точност, објективност и достапност на објавените информации и известувања;
- заштита на личните податоци.

8) **Мобилност и меѓународна соработка**
- подршка во мобилност на студентите и наставниците во национални и меѓународни факултети и универзитети;
- вклученост во меѓународни асоцијации на слични институции;
- услови за студенти на мобилност кои доаѓаат на факултетот;
- вклученост во проекти на наставен и научен кадар, соработници, студенти и ненаставен кадар.

9) **Студентска поддршка**
- поддржување на студентите во нивните студентски активности (подршка во програми за апликација и вклученост во проекти, менторство, демонстратори, консултации и сл.);
- поддршка на студенти во нивните екстрамурални активности (професионална пракса, професионален развој, мобилност за настава итн.);
- поддршка на студенти со инвалидитет и други слични групи.

СТРУКТУРА И ОПЕРАБИЛНОСТ НА СИСТЕМОТ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТ

Член 8

За имплементација на овој Правилник, Наставно-научниот совет ќе формира Комисија за обезбедување на квалитет (во понатамошниот текст: Комисија) која ќе има улога во управувањето со квалитетот во работата на Факултетот, ќе биде одговорна за имплементирање на процедурите за обезбедување на квалитет во сите области на Факултетските активности.

Член 9

Комисијата ќе спроведе стратешко планирање и ќе предложи правилници, процедури зи други правни акти а обезбедување на квалитет и подобрување.

Комисијата ќе предлага активности до Деканот, Декантската управа и до Наставно-научниот совет и ќе поттикнува иновација и развој со цел да го обезбеди и унапреди квалитетот.

Комисијата ќе предложи критериуми, стандарди и процедури за мониторинг на квалитетот, како и прирачник за систем за обезбедување на квалитет.

Член 10

Комисијата ја сочинуваат:
- Деканот, продеканите и членовите на телото за контрола на Квалитет по службена должност,
- двајца вработени на Факултетот со наставно-научно или научно звање

– еден претставник од студентите по предлог на претседателот на Факултетското студенстко собрание.
– еден преставник од Стручната и административната служба на Факултетот.

Претседател на Комисијата е деканот.

Мандатот на Претседателот и членовите на Комитетот изнесува три години со право на уште еден избор.

Член 11

Член на Комисијата може да биде разрешен пред завршувањето на мандатот доколку:
– престане да ги извршува задолженијата за кој е назначен;
– побара разрешување;
– не учествува во работата на Комисијата на најмалку два последователни состаноци или не ги почитува одлуките на Комисијата поврзани со системот за обезбедување на квалитет;
– Наставно-научниот совет донесе одлука за разрешување, а по предлог на Деканот.

Одлуката за разрешување од должноста ќе биде донесена од Наставно-научниот совет кој назначува друг член со мандат до крајот на мандатот на разрешениот член.

Член 12

Комисијата ќе организира, координира и спроведе евалуациски процедури и постапки и ќе развие механизми за обезбедување и подобрување на квалитетот како и за негова промоција.

Овие документи ги вклучуваат следните елементи:
– развој на индикатори за евалуација и анализа на квалитет во наставниот процес;
– развој на индикатори за мониторинг и евалуација на квалитет на студиите од страна на студентите;
– анализа на успехот во студирањето, како и на причините за постигнатиот квалитет, нецелосното или предолгото студирање;
– развој на индикатори и евалуација за компетенциите за наставниот кадар;
– создавање на механизми и акти за унапредување и развој на наставно-науниот, научниот и соработничкиот кадар, административниот и техничкиот и помошен кадар преку разни форми на едукација;
– обезбедување на доказ за подобрување на едукацијата;
– стратешко планирање со цел за зголемување на квалитетот на наставниот процес;
– имплементирање на процес за проценка и процедура за подобрување на квалитетот на Факултетот;
– координирање и имплементација механизми за професионален развој на кадарот од аспект на квалитет (академски, административен и технички).

Изработените документи со содржините од ставот 2 на овој член во форма на Извештај, Комисијата ги доставува до Наставно-научниот совет на Факултетот за усвојување.

Член 13

Комисијата работи на седници.

Претседавачот ги свикува и претседава со седниците.

Претседавачот има должност да свика седница и на предлог на најмалку тројца членови на Комисијата.

Комисијата може да одлучува доколку на седницата присуствуваат мнозинство од членовите.

Комисијата одлучува со јавно гласање, а одлуките се носат со мнозинство од присутните членови.

За време на седниците се води записник од страна на Секретарот на Факултетот.

Член 14

Комисијата прави годишен план за активностите што ќе ги спроведе и ќе го

достави до Наставно-научниот совет за усвојување.

Комисијата поднесува и годишен извештај до Наставно-научниот совет на Факултетот еднаш во годината.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 15

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од денот на објавувањето во *Универзитетски гласник.*

Д е к а н

Проф. д-р Лазо Пендовски с.р.